Leaders for Education, Activism and Development

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

КАКВА ПРОМЕНА НАПРАВИВМЕ ВО 2022?

## НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

Веруваме во лична одговорност кај луѓето за:

- Средината во која живееме
- Работите за кои се нафаќаме
- Состојбата во која се наоѓаме

## МОЖНОСТИ КОИ ГИ НУДИМЕ

### ЕДУЦИРАЈ СЕ!

01

Преку нашите програми за стекнување на вештини за млади

### АКТИВИРАЈ СЕ!

02

Преку нашите активни повици за тренинзи, настани и ангажмани во земјата и надвор

### РАЗВИЈ СЕ!

03

Преку годишните програми за наставници и млади на **LEAD**

# ВОВЕД

2022 беше можеби највлијателната година во работата на LEAD со рекорден број на спроведени програми, опфат до млади, средни и основни училишта, наставници и соработници.

**Јакнење на младинското и ученичко учеството и активизмот** ни беше главниот фокус во работата каде што се обидовме структурно да ги вклучиме средношколците да реализираат сопстени иновативни идеи, но и да бидат вклучени во процесите на носење одлуки во своите училишта и да вежбаат демократија уште од мали нозе.

**379** вклучени ученици од средни училишта

**26** иницијативи спроведени од средношколци

**Подобрување на образовните процеси и компетенции** во главно ги опфативме преку сопствената иницијатива Клуб на наставници, која веќе трета година по ред расте со број на нови наставници, но и нови понудени содржини. Наставниците заслужуваат да имаат квалитетна понуда за нивен личен и професионален развој.

**39** опфатени училишта

**123** наставници со зајакнати капацитети

**Подобрување на личниот и социјалниот развој кај младите** го опфативме низ призмата на претприемничките и животните вештини. Тука пред се работевме со студенти кои сакаа да се вклучат во решавање на реални бизнис предизвици, но и на други млади на кои им понудивме да да ги подобрат своите вештини за вработување. За прв пат оваа година ја работевме и темата на циркуларна економија за активирање на младите и тоа во меѓународен контекст преку партнерства со организации од Европа.

**80** вклучени млади во активности

**16** компании, партнери на ЛЕАД

**3** локални самоуправи, партнери на ЛЕАД

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И АКТИВИЗАМ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## *UPSHIFT*

UPSHIFT е програма за социјални иновации наменета за средношколци кои идентификуваат предизвици во своите локални средини поврзани со климатските промени и животната средина. Во 2022 реализиравме 3 циклуси, тематски поделени на решенија за ВОДА, ВОЗДУХ и ЕНЕРГИЈА.

**Партнери:** УНИЦЕФ, ФИТР, Шведска амбасада

**46,6%**
од сите средни училишта во земјава поднесоа апликации за учество во програмата

**96**
вкупно добиени апликации за учество во програмата

**150**
вклучени ученици на 3 Bootcamp-a за развивање на иновативни решенија

**14**
реализирани иновативни проекти од средношколци

## *најГЛАСни!*

најГЛАСни! Е награда за средношколско учество која се доделува на ученичката заедница која имала најголемо влијание и учество во донесување на одлуките во рамки на една учебна година. Наградата се состои од парична поддршка за организација на активности како и менторирање на најдобрата ученичка заедница.

**Партнери:** Фондација Конрад Аденауер, Сојуз на средношколци

**7**
ученички заедници избрани за финалисти на натпреварот за средношколско учество

**3**
средни училишта ја добија награда за средношколско учество за 2022 год.

**40**
ученички заедници се дел од базата на претседатели која ја формиравме

**80**
опфатени претседатели на класови низ обуки за зајакнување на ученичкото учество

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И АКТИВИЗАМ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## *Learning, Engagemet and Democracy*

Проектот LEaD има за цел да го унапреди учеството на учениците во процесите на носење одлуки во средните училишта. Во рамки на проектот, вклучените средношколци имаа можност да бидат во улога на училишните служби на еден ден, да ги зајакнат своите капацитети за ученичко учество и да креираат препораки за унапредување на ученичкото учество во земјата

| 9 | 140 | 9 | 62 |
|---|---|---|---|
| средни училишта вклучени во проектот | вклучени ученици | креирани акциски планови за работа на ученичките заедници | креирани препораки за унапредување на ученичкото учество во земјава |

### *Горди сме на следново:*

- Влијанието на програмата беше препознаено и од посетата на претседателот Стево Пендаровски на училиштето СОУ „Орде Чопела“ од Прилеп, успешно реализираа проект во област ВОДА.
- Го организиравме прваиот Краудфандинг настан во живо каде што индивидуалци компании и организации донарии за иновативните решенија на средношколците. Вкупно прибравме 60 000 денари.
- Првпат во Македонија доделивме награда за средношколско учество која ги поттикнува средношколците да бидат гласни и контруктивни и да учествуваат во донесувањето на одлуките.
- За прв пат во нашата земја се креираше и се спроведе симлуција каде учениците на еден ден ги носат одлуките во своето училиште.
- Четири од вклучените девет училишта одлучија одлуките донесени преку симулацијата да ги имплементираат во училиштето

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: ОБРАЗОВНИ ПРОЦЕСИ И КОМПЕТЕНЦИИ ВО УЧИЛИШТАТА

## *КЛУБ НА НАСТАВНИЦИ*

Клубот на наставници претставува иницијатива на LEAD произлезена од долгогодишната работа со наставници и потребите за континуирано усовршување на наставниците од основните и средни училишта. Всушност, преку оваа програма, сакаме да придонесеме кон подобрување на квалитетот на образованието во нашата земја, а воедно и да ја пополниме празнината за пристапна и континуирана доедукација на наставниците.

Главните цели на оваа програма се:

- Да поттикне континуиран личен развој кај наставниците
- Да ги зајакне капацитетите на наставници за користење на дигитални и неформални алатки во наставата
- Да креира средина во која наставниците користат и придонесуваат со ресурси
- Да креира јадро од свесни и вешти наставници кои придонесуваат за подобро образование

Повеќе информации за програмата се достапни на:
www.klubnanastavnici.lead.org.mk

| 123 | 39 | 3 | 8 |
| --- | --- | --- | --- |
| членови во 2022 година | училишта вклучени во програмата | видови на членство | реализирани обуки |

### *Изјави од учесници:*

*„Програма што те одржува да бидеш активен во текот на целата година согласно потребите за континуиран професионален развој и доедукација. Добро е да се сретнат толку задоволни и посветени наставници на едно место, како што се работилниците на ЛЕАД.“* - Марија Коваческа, дел од Мастер членството

*„Препорачувам секој наставник да биде дел од Клубот на наставници и со тоа да се подобри себеси како наставник, а со тоа да придонесе и за подобар образовен систем.“* - Силвија Митревска-Филипова, дел од Мастер членството

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ

## *EDUCATION TO BUSINESS*

Education to Business е проект дизајниран да им помогне на студентите да се поврзат со бизнисите, да стекнат практично искуство и да развијат клучни вештини (ИКТ, деловни и претприемачки вештини) со цел да ги подобрат своите шанси за вработување.

Проектот е дизајниран на таков начин што опфаќа 16 студенти (поделени во 4 тима) кои потоа се споени со 4 мали и средни претпријатија (МСП) кои земаат дел од проектот како „партнери за учење" за да решат нивен реален бизнис предизвик во рок од 3 месеци. Избраните 16 студенти доаѓаат од интердисциплинарни студии што го прави идеална комбинација за искористување на различни вештини и размислувања (социјални и природни науки со уметност).

**Партнер:** CIVITA Estonia

| 16 | 4 | 4 | 9 |
|---|---|---|---|
| студенти од интердисциплинарни студии како учесници | компании вклучени како партнери за учење | изработени бизнис продукти од страна на студентите | реализирани посети на компании на студиска посета во Естонија |

### *Горди сме на следново:*

- Придонесовме кон поттикнување на развојот на четири мали и средни претпријатија од нашата земја, преку проектите изработени од студентите вклучени во програмата.
- Креиравме можност за 16 студенти да ги зајакнат своите претприемачки вештини преку работа на реални проекти, користејќи го наученото од нивните студии.

### *Изјава од учесник:*

*„За време на проектот добив убав поглед на добрите практики кои веќе некое време се спроведуваат во нивната држава што ме поттикнува подобро да размислувам во однос на креирање и градење на план за личен, но и општествен раст и развој."*- Учесник во проектот

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ

## *ИЗБОРОЛОГИЈА*

„Изборологија“ е прва он-лајн друштвена игра за политичка едукација во нашата земја. Преку играта, играчите имаат можност поблиску да се запознаат со политичкиот систем во нашата земја, да разберат како функционира парламентарната демократија, како се спроведуваат изборите за пратеници во Собранието и на кој начин политичките партии учествуваат во парламентарните избори. Играта ви овозможува да „влезете во чевлите“ на лидер на замислена политичка партија и да учествувате во парламентарните избори во нашата земја. Преку стратешко носење на одлуки, потребно е да се освојат гласовите на гласачите, да се освои најголем број мандати за пратеници во Собранието и со тоа да се добие довербата за формирање на Влада која во следните четири години ќе управува со државата.

**Партнер:** Фондација Конрад Аденауер

| 372 | 255 | 2 | 4 |
|---|---|---|---|
| регистрирани играчи | изиграни сесии | организирани турнири во играње на Изборологија | креирани едукативни ресурси |

### *Горди сме на следново:*

- За прв пат во нашата земја креиравме друштвена игра која има за цел на забавен начин да придонесе кон политичката едукација на младите.
- „Изборологија“ ја задоволува желбата за дружење преку играње на друштвени игри, но притоа нудејќи додадена вредност, а тоа е едукација.

### *Изјава од учесник:*

*„Играта нуди одличен баланс помеѓу едукација и забава. „Изборологија“ е можност да се дружиш додека учиш за тоа како функционира системот во нашата земја и како се спроведуваат изборите.“*- Играч на Изборологија

# ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ

## *CIRCULAR ECONOMY HOT SPOTS*

CEHS е стратешко партнерство од областа на младите со цел да придонесе за одржливи економски практики кај младите луѓе.

**Партнери:** Eduactive (Италија) и Ride In (Гвадалупе, Франција)

**30**
млади од три земји, учесници на проектот

**3**
три мобилности за учесниците, во трите земји опфатени со проектот

**1**
програма за образование за циркуларна економија

**4**
иницијативи на спроведени од учесниците

*Горди сме на следново:*

- Искористивме интернационален и мултидисциплинарен пристап за едукација на темата циркуларна економија

## *CIRCULAR ECONOMY OUTSTANDERS*

Circular Economy Outsiders (CEO) беше 7-дневна размена на млади кој се одржи од 2 до 9 јуни во Охрид. Самиот проект послужи како мотиватор за учесниците да бидат промената и да станат зелени претприемачи со иновативни бизнис идеи.

**Партнери:** Eduactive, Eutopia, Modern Youth Public Union

**30**
млади од учесници на проектот

**4**
земји опфатени со проектот

**3**
експерти на темата вклучени во проектот

**30**
изработени индивидуални планови за зелен бизнис

*Горди сме на следново:*

- Придонесовме кон тоа 30 млади да го развијат својот претприемачки дух, но во насока на користење модел на циркуларна економија

# ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ

## *УЧИЛИШТЕ ЗА МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ*

Проектот „Училиште за младинско вработување“ на младите од три града им овозможи стекнување на вештини за вработување и работа. Преку спроведување на наменски креирана програма за градење на вештини, младите ги унапредија своите компетенции потребни за вработување и за работа, без разлика на нивните професионални интереси и кариерни афинитети. Програмата опфати:

| 45 | 3 | 3 | 3 |
|---|---|---|---|
| вклучени млади во програма за стекнување вештини | локални самоуправи вклучени како партнери во проектот | дводневни модули, секој за различна вештина | клучни документи за унапредување на младинското вработување |

### *Горди сме на следново:*

- Креиравме можност за 45 млади од три града во кои недостасуваат можности за доедукација, да се стекнат со вештини кои ќе им помогнат полесно и подобро да се позиционираат на пазарот на трудот и да им го олеснат процесот на барање работа и вработување.

### *Изјави од учесници:*

*„Програма беше одлична и многу корисна за младите невработени лица, бидејќи не само што учевме како да се вработиме и кое работно место е најдобро за нас, туку и спроведувавме групни вежби кои ни даваат искуството за процесот на вработување олеснувајќи го за во иднината.“* - Учесничка во проектот

*„Проектот беше интересен за мене и мило ми е што имав можност да учествувам. Обуките поминаа во прекрасна атмосфера, каде преку дискусија разменивме различни ставови за наш понатамошен кариерен развој.“* - Учесник на проектот

Се стремиме кон постигнување состојба во која што младите, во партнерство со возрасните, активно учествуваат во општествените процеси, преземаат лична одговорност за моменталната состојба и преку континуиран личен развој придонесуваат за подобро општество


lead.mkd

www.lead.org.mk

@lead.mk

info@lead.org.mk